UDK: 316.346-055.26(497.7)"1971/2015"
DOI: 10.37658/GR2053017lj

НЕКОИ СОЦИО-ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА МАЈКИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Марија Љакоска

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за географија-ПМФ, Скопје
e-mail: ljakoska.marija@yahoo.com

ИЗВОД

Промените во глобалната економија, начинот на живот и општествените норми имаат влијание на жените во целиот свет. Во споредба со жените пред 20 години, жените денес се пообразовани, повеќе независни, повеќе подвижни и посветени на својата кариера (патувааат, се движат, менуваат работни места). Тие се вработуваат по завршување на образованието, стапуваат во брак во подоцнежна возраст и со тоа го одложуваат раѓањето на првото дете, одлучуваат кога и колку деца ќе имаат и слично.

Интензивните процеси на деаграризација, индустријализација и урбанизација во извесна мера го менуваат местото и улогата на бракот и семејството и сваќањето за нивната улога во општеството. Не ретко, жените живеат сами и не стапуваат во брак, а некои стануваат самохрани мајки кога ќе одлучат дека е вистински момент. Со тоа, бракот постепено престанува да биде единствена рамка за биолошка репродукција на населението и создавање на легитимни наследници.

Овој тренд, иако со различен интензитет, но сепак е забележан и во развиените и во помалку развиените земји, во урбаните и во руралните средини. Овие промени се главно поттикнати од нагласената индивидуализација, еманципацијата на жената, личната слобода, како и напуштање на традиционалните морални норми и меѓуполови разлики.

Возраста на која мајките се одлучиле да добијат дете е многу поразлична од онаа во минатото. Имено, ако пред повеќе од четири децении жените добивале деца најчесто на возраст од 20 до 24 години, или од 25 до 29, денес оваа граница е поместена, па деца најчесто добиваат на возраст од 30 до 34 години, па дури и на возраст од 35 до 39 години. Тоа значи дека жените кои за прв пат стануваат мајки на оваа возраст не само што имаат опасност од ризична бременост, туку постои можност ова да им биде единствената бременост со оглед на тоа што тие се при крајот на нивниот оптимален репродуктивен период.

Не само што се зголемила возраста на мајките кои добиле деца во брак, туку се зголемила и возраста на мајките кои добиле деца вон брак. Тоа само укажува дека овие мајки најверојатно се одлучиле да добијат дете вон брак по сопствена желба, а не дека станува збор за несакана или непланирана бременост.

Децата родени вон брак не се појава која е карактеристика само на новото време. Раѓањето вон брак постоело и во минатото кога најчесто било третирано како морален проблем, но денес се смета како општествен феномен кој бележи постојан пораст. Класичниот имиџ за мајките кои раѓаат деца вон брак е дека мајката е тинејџерка, член на етничко малцинство, дека има родено само едно дете надвор од брачна заедница и дека таа не е во врска со таткото на нејзината дете. Меѓутоа, податоците покажуваат дека реалноста денес е сосема поинаква (Terry-Humen et al., 2001).

Бројот на мајки според нивната етничка припадност претрпел измени исто така. Етничката припадност на населението не е само „интимно чувство" како што мислат многумина, туку тоа значи и разлики во условите за живеење и работа, ставовите, мислењата и однесувањето, во степенот на еманципираност, степенот на образование, во влијанието на традицијата и религијата и друго. Разликите во репродуктивното однесување помеѓу етничките групи биле особено истакнати во минатото. Така, припадниците на исламската (муслиманска) вероисповед ги обединувало мислењето според кое основната должност на жената е да раѓа и одгледува деца, а општествениот статус на таткото е поврзан со бројот на деца. Колку повеќе деца, толку повисок статус, па оттаму може да се објасни поголемиот број на деца на мајки и татковци од албанска, турска и ромска етничка припадност. Сепак, во последните неколку години, со нивната сé поголема еманципација и интеграција во општеството, особено на жената, овие разлики стануваат се помалку нагласени.

Анализата на социо-демографските карактеристики на жените кои се остварile во улогата на мајки во периодот од 1971 до 2015 година, ја нагласува потребата од градење и заживување на соодветна популациона и семејна политика, како и на здравствена, образовна, социјална и фискална политика во склад со потребите на семејствата, на вонбрачните мајки и нивните деца. Овие политики треба да бидат насочени кон развој на населението и да имаат за цел да се подобрат условите за раст и развој на децата, за поддршка на семејствата во форма на парична помош и помош за вработување, особено во областите каде сиромаштијата е подлабока. Затоа, потребно е да се превземат мерки на државно ниво, но можеби уште повеќе на локално ниво, сé со цел подобрување на состојбите на демо-репродуктивните процеси во Република Северна Македонија. Исто така, важно е да се спроведат акции насочени кон планирање на семејството и зачувување на репродуктивното здравје.